**Архивски број:** 08/1992/2

**Датум:** 27-02-2020

**До:** **Македонско здружение за заштита при работа**
- Востаничка бр. 2, 1000 Скопје

**Врска:** **Ваш број 0302/16**

**Предмет:** **Доставување на мислење**

Почитувани,

Во врска со вашиот допис под број 0302/16 од 24.02.2010 година, во кој го наведување Вашето прашање во однос на крајниот рок на истекување на периодот од пет години во рамките на кој стручните лица се должни да се стекнат со 100 бода, како потврда за нивното континуирано стручно усовршување, Министерството за труд и социјална политика го разгледа дописот и Ви го доставува следното мислење:

Како што и самите наведување во дописот, со **Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.23/2013 од 14.2.2013 година) се воведени членовите 18-а до 18-г, со кои се уредуваат прашањата поврзани со стручното усовршување на стручните лица за безбедност при работа преку нивно континуирано учество на соодветни обуки. Законот влегол во сила осум дена по објавувањето.
Во членот 18-в (став (1)) е наведено дека *„... во период од пет години стручните лица за безбедност при работа се должни да се стекнат со 100 бода преку учество во обуките за стручно усовршување".* За бројот на стекнати бодови во текот на претходната година, стручното лице има обврска *„... најдоцна до 15 март во тековната година да го извести Државниот инспекторат за труд"* (член 18-г, став (2)).
Истовремено, членот 18-в, став(4) утврдува дека *„Начинот на бодувањето на активното и пасивното учество од ставот (2) на овој член и формата и образецот на потврдата од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот"* и истото е направено со објавувањето на **Правилникот за начинот на бодувањето на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување** („Службен весник на РМ" бр. 41/2014 од 27.2.2014 година).
Овој правилник влегол во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен весник, т.е. на **7.3.2014 година**.





Понатаму, во членот 8 од споменатиот **Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа** („Службен весник на РМ" бр. 23/2013) стои: *„Одредбите од членот 1 од овој закон со кои се додаваат одредбите од членот 18-в став(1) ќе започнат да се применуваат по истекот на една година од влегувањето во сила на подзаконскиот акт од членот 1 од овој закон со кои се додава членот 18-в став(4)"*, т.е. 7.3.2015 год.

Имајќи го во предвид наведеното, наше мислење е дека за сите стручни лица за безбедност при работа кои го положиле стручниот испит пред 7.3.2015 година, **законскиот рок од пет години за стекнување со 100 бода започнува да тече од тој датум, т.е. од 7.3.2015 година**, а за останатите, рокот е пет години од датумот на донесување на Уверението за положен стручен испит за безбедност при работа, од страна на Министерството за труд и социјална политика, согласно член 17-р од Законот за безбедност и здравје при работа.

**Ова е мислење на Секторот за политики од областа на трудот и политики за вработување во Министерството за труд и социјална политика и истото нема правна сила на толкување на закон и не може да претставува основа за негово користење, или употреба како доказ пред суд или други органи или институции за остварување на одредени права во корист на подносителот. Надлежен орган за давање на овластено толкување на Закони е Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.**

Со почит,

Заменик министер,
***Gjonul Bajraktar***

Изработил: Дарко Дочински
Контролирал: Мирјанка Алексевска
Согласен: Миле Стојановски